Рев1.бр.112/2018

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Киро Здравев - претседател на советот, Васил Грчев, Беса Адеми, Исамедин Лимани и Стојанче Рибарев - членови на советот, во правната работа на тужителот Трговско друштво за производство на чоколади, бонбони и пецива ПИОНИР ДОО Б. од Б. - Р.С., против тужените Друштво за производство, трговија и услуги ПРЕМИУМ ВИВА увоз-извоз ДООЕЛ Б.1 и Томислав Стојчевски од Б.1, за утврдување право на сопственост на трговска марка и утврдување право од индустриска сопственост и заштита од нелојална конкуренција, вредност на спорот 120.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата изјавена од тужителот преку полномошникот Даниела Велкоска, адвокат од С., против решението на Апелациониот суд Битола ТСЖ.бр.707/17 од 19.02.2018 година, на седницата одржана на ден 17.10.2018 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Ревизијата на тужителот во делот на побиваното решение со кое е отфрлена тужбата на тужителот да се утврди дека тужителот е носител на правото на сопственост на трговска марка, поради немање правен интерес и апсолутна судска ненадлежност, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Ревизијата на тужителот во делот на побиваното решение со кое е прекината постапката по тужбата на тужителот, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОЗВОЛЕНА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците сторени во постапката по повод одговорот на ревизија и тоа во вкупен износ од 64.920,00 денари, во рок од 8 дена од приемот на одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Битола со решение ТС.бр.39/16 од 12.07.2017 година под I, тужбата на тужителот против тужените во став 2 од

петитумот на тужбеното барање, со кој се бара да се утврди дека тужителот е носител на правото на сопственост на трговската марка ВИТАНОВА заштитена со Сертификат за заштита на трговската марка бр.61160 со важност од 07.06.2010 година, со кој му се признава индивидуален жиг бр.Ж-2009-2029, со класификација на фигуративни елементи - 01.15.09-29.01.15 кој се состои од боите: црвена, сина, жолта, бела, окер, зелена, кафеава, а се однесува на робата односно услугите наведени во исправата согласно Класа 30, трговската марка ВИТАНОВА заштитена со Сертификат за заштита на трговската марка бр.64451 со важност од 29.06.2012 година, со кој му се признава индивидуален жиг бр.Ж-2009-2029, со класификација на фигуративни елементи - 01.15.09-29.01.15 кој се состои од боите: црвена, бела, жолта, зелена, портокалова, сина, а се однесува на робата, односно услугите наведени во исправата согласно Класа 30, трговската марка ВИТАНОВА заштитена со Сертификат за заштита на трговската марка бр.61159 со важност од 07.06.2010 година, со кој му се признава индивидуален жиг бр.Ж-2009-2028, со класификација на фигуративни елементи - 01.15.09-29.01.15 кој се состои од боите: црвена, сина, виолетова, жолта, бела, окер, зелена, а се однесува на робата, односно услугите наведени во исправата согласно Класа 30, а заштитени со Сертификат за регистрација за меѓународна заштита заверен под бр.1316714 со дата од 16.06.2016 година, ја отфрлил поради непостоење на правен интерес и апсолутна судска ненадлежност за овој дел од тужбеното барање. Судот под II од решението, определил прекин на постапката по тужбата на тужителот за заштита на правото од индустриска сопственост и заштита од нелојална конкуренција, вредност 120.000,00 денари, во став 1, 3, 4, 5 и 6 од петитутумот на тужбата со кои се бара да се утврди, дека тужените со употреба на знакот ВИВАНОВА му го повредиле правото на трговска марка на тужителот признаено со Сертификат бр.61160 од 07.06.2010 година, со Сертификат бр.64451 од 29.06.2012 година и Сертификат бр.61159 од 07.06.2010 година на Д. завод на Р.С. и меѓународно заштитен со Сертификат за регистрација бр.1316714 со важност од 16.06.2016 година, која повреда се состои од употреба на идентични бои, употреба на истиот вид на производи - житарици, а кој е многу сличен со трговската марка на тужителот ВИТАНОВА-во изглед, знак во комбинација на бои: бела, жолта, зелена, црвена, темно зелена, сина, портокалова, кафена, сива, окер, виолетова и црна, како и сличност помеѓу знакот на тужениот и трговската марка на тужителот која се разликува во една буква „В“ и „Т“ и со наведеното сторил и дело на нелојална конкуренција и нанел штета на тужителот, како и да им се забрани на тужените да ја употребуваат, користат трговската марка ВИВАНОВА која што е со амбалажа, изглед и комбинации на бои слична и асоцира на трговската марка на тужителот - житарици ВИТАНОВА и да се задолжат тужените солидарно на име граѓанска казна како вообичаен надоместок да платат износ од 120.000,00

денари и во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата изреката да ја објават на свој трошок во дневниот печат, до правосилно завршување на управните постапки со броеви ТМ/531/2016, ТМ/532/16 и ТМ/533/2016 кои се водат пред Д. завод на Р.М.. Судот констатирал дека евентуално поднесената жалба против делот II од изреката на решението, не го задржува извршување на решението.

Апелациониот суд Битола со решение ТСЖ.бр.707/17 од 19.02.2018 година, жалбата на тужителот ја одбил како неоснована, а го потврдил решението на Основниот суд Битола ТС.бр.39/16 од 12.07.2017 година.

Против второстепеното решение ревизија изјави тужителот преку полномошникот, поради суштествена повреда на одредбите од парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваното и првостепеното решение да се укинат и предметот да се врати на повторно одлучување на првостепениот суд.

Одговор на ревизија поднесе тужениот преку полномошникот Мирјана Марковска-Андревски, адвокат од С., со кој ги побива наводите во ревизијата на тужителот, предложи ревизијата да се одбие како неоснована и бара трошоци по повод одговорот на ревизијата.

Врховниот суд на Република Македонија по проучување на списите во предметот, наводите во ревизијата и одговорот на ревизијата, испитувајќи го побиваното решение во смисла на одредбата од член 377 став 3 во врска со член 391 став 3 од Законот за парничната постапка (“Сл.весник на РМ“ бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15), најде:

Ревизијата изјавена во делот на побиваното решение со кое е отфрлана тужбата да се утврди дека тужителот е носител на правото на сопственост на трговска марка, поради непостоење правен интерес и апсолутна судска ненадлежност, е неоснована.

Неосновани се наводите во ревизијата за сторена суштествена повреда од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парничната постапка , односно дека решението во делот со кој е отфрлена тужбата е нејасно и противречно. Ова, од причина што побиваното решение со кое е потврдено првостепеното решение во овој дел е јасно и разбирливо и како такво може во целост да се испита.

Неосновани се наводите во ревизијата за погрешна примена на материјалното право.

Правилно судовите врз основа на доказите изведени во текот на постапката, а во смисла на член 2 став 1, член 8, член 175, член 206 од Законот за индустриска сопственост, утврдиле дека тужителот е носител на правото на сопственост на трговска марка. Во конкретниот случај правото на трговската марка на тужителот било заштитено со сертификати за заштита пред надлежен орган во Р.С., односно во Д. завод во Р.С., како и со Сертификат за регистрација за меѓународна заштита. Со овие сертификати тужителот е носител на трговска марка и е запишан во регистарот, односно истиот е заштитен и евидентиран во соодветниот регистар. Со фактот што тужителот во Р.С. ја заштитил и регистрирал трговската марка со соодветни сертификати за жиг, согласно член 8 од Париската конвенција за заштита на индустриска сопственост од 20 март 1883 година, неговата трговска марка ужива заштита и во Р.М., без да има обврска истите да се пријават и заштитат во Р.М.. Од овие причини првостепениот и второстепениот суд наѓаат дека не постои правен интерес на тужителот за поднесување на тужба и донесување одлука со која ќе се утврди такво право, поради што ја отфрлиле тужбата поради непостоење на правен интерес да се донесе пресуда со која ќе се утврди дека тужителот е носител на право на сопственост на трговска марка.

Според Врховниот суд на Република Македонија правилно судовите по службена должност утврдиле дека во случајот не постои можност суд да постапува по предметното тужбено барање со кое се бара да се утврди дека тужителот е носител на право на сопственост на трговска марка според Законот за индустриска сопственост. Во случајот тужителот не поднел тужбено барање во смисла на член 308 од Законот за индустриска сопственост, ниту по член 294 од истиот закон. Притоа предвид утврденото е дека тужителот е носител на право на сопственост на трговска марка. Заштита на правото на трговска марка според Законот за индустриска сопственост е во надлежност на државен управен орган, односно Д. орган, пред кого тужителот повел постапка за заштита на правото на индустриска сопственост и единствено тој орган одлучува дали се исполнети условите за заштита на право од индустриска сопственост. Од тие причини, правилно судовите во смисла на член 15 и член 274 од Законот за парничната постапка ја отфрлиле како недозволена тужбата на тужителот поради немање правен интерес и апсолутна судска ненадлежност.

Врховниот суд на Република Македонија при одлучувањето ги ценеше наводите во ревизијата на тужителот дека неправилно судовите ја исклучиле надлежноста на судот затоа што за иста материја различни органи можат да имаат различни овластувања, односно Заводот како

орган да регистрира право, а судот да утврдува повреда за заштита на регистрирани права, но најде дека истите се неосновани.

Имено, во случајот тужителот бара да се утврди дека е носител на право на сопственост на трговска марка, за која веќе е регистриран и како носител и како таков истиот е заштитен и евидентиран во соодветниот регистар во Р.С.. Согласно важечката законска регулатива во Р.М. заштита на индустриската сопственост се спроведува пред надлежен државен орган. Од овие причини, произлегува дека судот основано ја отфрлил како недозволена тужбата поради апсолутна судска ненадлежност за постапување на суд и непостоење правен интерес.

Поради наведното следуваше во овој дел ревизијата да се одбие како неоснована, согласно член 384 став 1 од Законот за парничната постапка.

Ревизијата на тужителот изјавена во делот на побиваното решение со кое е прекината постапката по тужбата на тужителот, е недозволена.

Согласно член 391 став 1 од Законот за парничната постапка, странките можат да изјават ревизија и против решението на второстепениот суд, со кое постапката правосилно е завршена во споровите во кои ревизијата би била дозволена против второстепена пресуда.

Според ставот 3 од истиот член, во постапката по повод ревизија против решение согласно ќе се применуваат одредбите на овој закон, за ревизија против пресуда.

Согласно член 383 став 1 од истиот закон, ненавремената, нецелосната, необразложената или недозволената ревизија ќе ја отфрли судијата известител на ревизискиот суд со решение, ако тоа не го сторил во границите на своите овластувања првостепениот суд.

Во случајот, со ревизијата се побива решение со кое се прекинува постапката до правосилно завршување на поведените управни постапки пред Д. завод. Во овој дел решението не е конечно, односно не е одлука со кое правосилно е завршена постапката, туку постапката е прекината до завршување на друга постапка, поради што во смисла на член 391 став 1 од Законот за парничната постапка, против истото не може да се изјави ревизија.

Од овие причини следуваше ревизијата во делот на побиваното

решени со кое е одлучено за прекин на псотапката, да се отфрли како недозволена, согласно одредбите од член 383 став 1 во врска со член 391 став 1 од Законот за парничната постапка.

Согласно член 160 од Законот за парничната постапка и одредбите од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, овој суд го задолжи тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците за состав на одговор на ревизија во износ од 54.000,00 денари зголемена за 18% ДДВ и трошоци за платена судска такса за одговор на ревизија износ од 1.200,00 денари, или вкупен износ од 64.920,00 денари, за кои најде дека се во согласност со одредбите од Тарифата.

Решено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 17.10.2018 година под Рев1.112/2018.

Претседател на советот-судија
Киро Здравев с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,

лд./